**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД**
**Комитет за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020**

# *Записник од шестиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020*

***12 декември 2019***
***хотел Александар Палас***
***Скопје***

***Арх.бр 20- 2676 /1***
***25 , 02. ,2021***

## I. Листа на учесници

**1. Нефрус Челику - претседавач на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020**

**Присутни членови на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020:**

1. **Неда Груевска** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. **Маја Лазареска Јовеска** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
3. **Вулнет Арифи** - Министерство за локална самоуправа;
4. **Назмије Идризи** - Министерство за животна средина и просторно планирање;
5. **Марјан Копевски** - Министерство за транспорт и врски;
6. **Елгафар Јусуфи** - Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството;
7. **Љиљана Вуковиќ**- Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија;
8. **Игор Тасевски**- Стопанска комора на Македонија;
9. **Огнен Оровчанец**- Сојуз на Стопански комори на Македонија;
10. **Сашо Ристески**- Македонска Асоцијација на преработувачи;
11. **Сашко Арсов** - Агенција за храна и ветеринарство;
12. **Даниела Димовска** - Земјоделски факултет, УГД-Штип;
13. **Владимир Петков** - Факултет за ветеринарна медицина, УКИМ-Скопје;
14. **Зоран Зимбаков**- Заедница на единиците на локалната самоуправа;
15. **Петар Ѓеоргиевски** - Мрежа за рурален развој;
16. **Владо Бабаџовски** - Републичко синдикално здружување на земјоделски производители „СПАС";
17. **Сашо Крцоски** - Мрежа на млади фармери;
18. **Ефтим Шаклев**- Асоцијација на земјоделци;
19. **Јани Ќука**- „ Вина од Македонија".

**Присутни заменици членови на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020:**

1. **Гоце Георгиевски** - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
2. **Михаела Михајловска**- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
3. **Рефет Амети** - Министерство за култура;
4. **Фросина Пандурска Драмиќанин**- Македонско еколошко друштво;
5. **Валентина Смиљанов**- Занаетчиска Комора на Република Северна Македонија;

**Претставници на Европска Комисија (ЕК) со советодавна улога:**

1. **Liam Breslin** - Директорат за земјоделство и рурален развој;
2. **Zigo Rutkovskis** - Директорат за земјоделство и рурален развој.

**Претставници од Европска Делегација:**

1. **Маргарита Делева** - Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија;
2. **Kostas Soupilas** - Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија;
3. **Virve Vimpari**- Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија;
4. **Sergej Mihajlov**- Делегација на Европска Унија во Република Северна Македонија.

**Претставници на ИПАРД структурата:**

**Претставници од НАО и НФ :**

1. **Владо Караманолевски** - Министерство за финансии;
2. **Александра Наковска** - Министерство за финансии;
3. **Александра Симјаноска**- Министерство за финансии.

**Претставници од Тело за Управување со ИПАРД (ТУ):**

1. **Живко Брајковски** - раководител на Сектор за управување со ИПАРД;
2. **Виктор Младеновски** - одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;
3. **Александра Дика** - одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;
4. **Јасмина Хаџибулиќ** - одделение за следење на спроведување на ИПАРД фондови и известување;
5. **Гордана Смилеска** - одделение за следење на имплементација на ИПАРД фондови и известување;
6. **Кирил Ристоски** - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
7. **Златко Колевски** - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
8. **Оливер Стефановски** - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
9. **Сашка Јовановска Вукелиќ** - одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
10. **Габриела Петрова**- одделение за спроведување на Техничка помош од ИПАРД фондови;
11. **Александар Антески** - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
12. **Душко Јакимовски** - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;
13. **Исах Имишти**- одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови
14. **Мухадин Лимани** - одделение за програмирање и проценка на ИПАРД фондови;

**Претставници од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР):**

1. **Николче Бабовски** - директор на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР);
2. **Авдуљ Селам - Селами** – заменик директор во Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Резултати: на шестиот состанок учествуваа претседавачот на Комитетот (со право на глас), 19 членови и 5 заменици (од вкупно 33 членови/заменици со право на глас ). Со тоа се постигна кворум за одржување на состанокот со 2/3 од членовите со право на глас (согласно член 8 став (3) од Деловникот за работа).

***Листата на присутност на членовите од последните два состаноци на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 е прикажана во прилог 1 од овој записник.***
***Листата на набљудувачи е прикажана во прилог 2 од овој записник.***

## II. Дневен ред

за петтиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020

| Бр. | Време | Тема | Презентирано од: | Документи |
|---|---|---|---|---|
| | 09:00 | **Пристигнување и регистрација** | ТУ Секретаријат | |
| | 09:30<br>09:45 | Потврда за присуство на членовите/замениците за состанокот и постигнување на кворум согласно Деловникот за работа | ТУ Секретаријат | |
| 1. | 09:45<br>09:50 | Усвојување на предлог дневниот ред за шестиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 | Претседавач | Предлог дневен ред |
| 2 | 09:50<br>10:00 | Усвојување на записникот од претходниот петти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 одржан на 21 мај 2019 | Претседавач | Финален записник |
| 3. | 10:00<br>10:15 | Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот петти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 одржан на 21 мај 2019 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 4. | 10:15<br>10:20 | Информација за назначување на нови членови за Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| 5 | 10:20<br>10:30 | Информација во однос на ИПА Мониторинг Комитет одржан на 30 октомври 2019 | НИПАК | Презентирано на самиот состанок |
| 6. | | Статус со спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 | | |
| 6.1 | 10:30<br>10:50 | Информација за резултатите од спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 преку податоци/показатели за следење | ТУ | Извештај на ТУ |
| 6.2 | 10:50<br>11:10 | Информација за напредокот на активностите на ИПАРД Агенција во однос на ИПАРД Програмата 2014-2020 | ИПАРД Агенција | Извештај на ИПАРД Агенција |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6.3** | 11:10<br>11:30 | Информација за функционирање на системот за следење и контрола на ИПАРД Програмата 2014-2020<br>Информација за статусот со доверување на задачите за спроведување на буџетот за мерката рурална јавна инфрастуктура<br>Информација за финансиското спроведување на ИПАРД и искорисување на каматата од ИПАРД еуро сметка | НАО | Извештај на НАО |
| | 11:30<br>11:45 | Кафе пауза | | |
| **7.** | | Дискусија за модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020 | | |
| **7.1** | 11:45<br>12:00 | Информација за одобрување на втората модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| **7.2** | 12:00<br>12:15 | Дискусија во однос на третата модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020 и Листата на прифатливи трошоци | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| **7.3** | 12:15<br>12:30 | Подготвителни активности за Агро-еколошки мерки | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| **8.** | | Активности за техничка помош | | |
| **8.1** | 12:30<br>12:45 | Информација во однос на напредок на активности во однос на спроведување на АПТА 2019 | ТУ | Извештај на ТУ |
| **8.2** | 12:45<br>12:55 | Усвојување на АПТА за 2019 година (верзија 2) | ТУ | Извештај на ТУ |
| **8.3** | 12:55<br>13:10 | Усвојување на АПТА за 2020 година | ТУ | Извештај на ТУ |
| **8.4** | 13:10<br>13:20 | Напредок на активности за комуникација и публицитет за ИПАРД Програмата 2014-2020 | ТУ | Извештај за комуникација и публицитет |
| **8.5** | 13:20<br>13:40 | Усвојување на Акциски план за Комуникација и Публицитет на ИПАРД Програмата 2014- 2020 за 2020 година | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| **9.** | | Информација/дискусија за резултатите од евалуација на ИПАРД Програмата | | |
| **9.1** | 13:40<br>13:50 | Информација за екс-пост евалуација на ИПАРД Програмата 2007-2013 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| **9.2** | 13:50<br>14:00 | Информација за тековна евалуација на ИПАРД Програмата 2014- 2020 | ТУ | Презентирано на самиот состанок |
| **10.** | 14:00<br>14:20 | Разно | | Дискусија |
| **11.** | 14:20<br>14:30 | Предлог на дневен ред за следниот седми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 и | Претседавач/ | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | усогласување на датумот за негово одржување | Претставници од Европската Комисија | |
| | 14:30 | Затворање на состанокот | Претседавач | |
| | 14:30<br>15:30 | Ручек | | |

## III. Резултати од состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020

Отворање на состанокот

Претставникот на Европската Комисија Лиам Бреслин, ги поздрави членовите на Комитетот за следење на ИПАРД 2014- 2020. Тој истакна дека 2019 година беше предизвикувачка година за Северна Македонија, бидејќи до крајот на годината требаше да исплати 8,7 милиони евра. Тој истакна дека земјата ќе ја постигне оваа цел доколку сите поднесени барања за исплата бидат одобрени и исплатени до 31 декември 2019 година. Доколку истото се заврши, ова ќе биде историска година бидејќи Северна Македонија никогаш не исплатила толку голема сума од ИПАРД избегнувајќи ја можноста за губење на пари. Тоа е исто така историска година, бидејќи АФПЗРР ја исплати најголемата сума за ИПАРД проектот - Подгорка.

Г-дин Бреслин се заблагодари на министерот и сите надлежни органи - особено персоналот во АФПЗРР - за постигнување на овој резултат и покрај сите предизвици и тешкотии.

Тој ги покани Владата и особено Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство заедно со Министерството за финансии да го решат проблемот во однос на недостиг на човечките ресурси како и подобрување на нивните професионални знаења и квалитети заедно со релевантно работно опкружување. Ова беше еден од најголемите проблеми што значително влијаеше врз успешната имплементација на ИПАРД програмата досега.

Г-дин Бреслин истакна дека Северна Македонија сега ќе се смета за земја која воведе нови прогресивни решенија, како што е елиминација на некомплетни барања и планови за воведување е-барања, и истото ќе биде пример за земјите од Западен Балкан.

Тој ги потсети членовите на МК дека 2020 година ќе биде последната година од тековниот програмски период, за што ќе бидат потребни значителни напори од страна на националните власти да се подготват за ИПАРД III. Во врска со ова, ДГ АГРИ изрази задоволство во однос на активностите кои се веќе предвидени во Акцискиот план за техничка помош за 2020 година. Г-дин Бреслин увери дека од нивна страна ќе се обезбеди дополнителна помош во овој поглед.

### 1. Точка 1 од дневниот ред: „ Усвојување на предлог дневниот ред за шестиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020".

Претседавачот на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020, Нефрус Челику го отвори шестиот состанок на Комитетот посакувајќи им добредојде на сите присутни на состанокот како и на новите членови на Комитетот и на претставниците од Европската Комисија

(ЕК). Тој ги информираше членовите за предлог дневниот ред за шестиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД.

Членовите на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 немаа забелешки во однос на дневниот ред, со што беше усвоена следнава одлука:

**Одлука бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 го усвои дневниот ред за шестиот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

**2. Точка 2 од дневниот ред: „Усвојување на записникот од претходниот петти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020, одржан на 21 мај 2019 година"**

Претседавачот на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020, информираше дека записникот од претходниот петти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 одржан на 21 мај 2019 година, е испратен до членовите на Комитетот за следење на ИПАРД на 24.06.2019 година и заклучно со 08.07.2019 година до Секретаријатот на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 не се пристигнати коментари од членовите на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020.

Членовите на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 немаа забелешки по однос на записникот и беше усвоена следнава одлука:

**Одлука бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 го разгледа и усвои Записникот од претходниот петти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 одржан на 21 мај 2019.**

3. **Точка 3 од дневниот ред: „Информација за спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот петти состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 одржан на 21 мај 2019"**

Раководителот на Телото за управување со ИПАРД, Живко Брајковски, информираше во однос на напредокот во спроведување на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 како и за усвоените одлуки по пат на пишана процедура односно:

- Втора измена на ИПАРД Програмата 2014 – 2020, во делот на финансискиот план и финансиски табели со ре-алокации на средства за 2019 и 2020 година;
- Годишниот извештај за спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2018 година;
- Предлогот за прва измена на акцискиот план на планирани активности со мерката „Техничка помош" (АПТА) за 2019 година.

Во однос на оваа точка, членовите на Комитетот го донесоа следниов заклучок:

**Заклучок бр. 1: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на одлуките/заклучоците усвоени на претходниот (петти) состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

**4. Точка 4 од дневниот ред: „ Информација за назначување на нови членови за Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020"**

Во врска со точка 4, Претседавачот на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020, Нефрус Челику информираше во однос на новите членови на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014- 2020. Новите членови на Комитетот за следење на ИПАРД се:

- Неда Груевска- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Ефтим Шаклев- Асоцијација на земјоделци;
- Лилјана Јоноски- Рурална коалиција;
- Јани Ќука- Здружение на производители на извозници на вино и други пијалоци произведени од грозје „Вина од Македонија".

Во однос на оваа точка, беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 2: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на новите членови на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014- 2020.**

**5. Точка 5 од дневниот ред: „Информација во однос на Комитетот за следење на ИПА одржан на 30 октомври 2019"**

Земајќи во предвид дека претставниците на НИПАК не беа присутни на состанокот, точката 5 не беше презентирана и по истата немаше дискусија ниту заклучок.

**6. Точка 6 од дневниот ред: „Статус со спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020"**

**6.1. Потточка 6.1 од дневниот ред: „Информација за резултатите од спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 преку податоци/показатели за следење "**

Во однос на оваа потточка, претставникот на ТУ со ИПАРД, Виктор Младеновски го презентираше Извештајот за следење на спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020 притоа информирајќи дека главните показатели за спроведувањето се со статус од 31.10.2019 година, додека пак, индикаторите кои даваат информации за видот на производството или видот на инвестициите се со статус од 30 јуни 2019 година. Присутните на состанокот беа детално информирани во однос на спроведувањето на трите мерки од ИПАРД Програмата 2014-2020, јавните повици и сл. Претставникот на ЕК, Зиго Рутковски истакна дека ова беше успешна година што се однесува на ИПАРД Програмата 2014- 2020и побара да се направи проценка на постигнатиот напредок односно, да се утврди во кои области е потребна дополнителна поддршка, сè со цел да се избегне состојбата каде што некои сектори ќе станат поразвиени/понапредни од другите. На прашањето на претставникот на ЕК, Лиам Бреслин зошто земјоделците не може да добијат дозволи за градење/реконструкција, Раководителот на ТУ- Живко Брајковски одговори дека основниот проблем е тоа што руралните средини немаат

детални урбанистички планови врз основа на кои се дава дозвола за градба. Тој исто така посочи дека во рамките на законот за земјоделско земјиште предвидена е постапка со која што може да се добие согласност од МЗШВ за било кој тип на градба која е во функција на земјоделството, како и за рурален туризам. Телото за управување со ИПАРД фондови изработи упатство каде што е објаснето како најбрзо да се стигне до таа дозвола и истото ќе биде објавено на web сајтот на ИПАРД.

Претставникот на Асоцијацијата на земјоделци, Ефтим Шаклев се осврна на проблемот на земјоделците во однос на добивањето на дозвола за градба, истакнувајќи дека тој проблем се провлекува уште од почетокот на ИПАРД Програмата. Добивањето на градежна дозвола за земјоделско земјиште и градежна дозвола за градежно земјиште беа посочени како главни проблеми на земјоделците. За градежно земјиште постојат други услови за добивање на дозвола, а скоро ниту една општина нема изработен детален урбанистички план за приградските населби и села. Сето ова во голема мера ги спречува земјоделците да аплицираат за ИПАРД бидејќи го немаат основниот документ: градежна дозвола.

На прашањето на претставничката на МЕД, Фросина Пандурска Драмиќанин дали Агро- е колошките мерки ќе предвидат субвенции за менаџирање на пределите односно, субвенции за локалното население да чува стока која би го напасувала пределот, претставникот на ЕК, Лиам Бреслин одговори дека оперативната структура на ИПАРД може да размислува во таа насока и побара што поскоро решавање на проблемот со издавање на дозволи.

Во врска со оваа потточка беше усвоен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 3: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на резултатите од спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 преку податоци/показатели за следење.**

**6.2. Потточка 6.2 од дневниот ред: „Информација за напредокот на активностите на ИПАРД Агенција во однос на ИПАРД Програмата 2014-2020"**

Претставникот на АФПЗРР, Вангел Наневски истакна дека ИПАРД Агенцијата интензивно работеше, сè со цел да се избегне губењето на средствата за 2014, 2015 и 2016 година во вредност од 8.7 милиони € (ЕУ дел). Присутните на состанокот беа информирани во однос на резултатите од Јавниот повик 01/2017. Во однос на Мерка 1 склучени се 893 договори со вкупно ЕУ учество од 8.300.000 €. Во однос на Мерка 3, склучени се 31 договор со вкупно ЕУ учество во вредност од 4.800.000 € и 23 договори склучени во Мерка 7 со вкупно ЕУ учество во вредност од 3.22 милиони €, односно вкупно 16.000.000 € ЕУ учество само од Јавен повик 01/ 2017.

Претставникот на АФПЗРР, Владимир Христов ги презентираше податоците во однос на исплатата. Во однос на Јавниот повик 01/ 2018 пристигнати се 8 барања за исплата кои се во процес на обработка и се во вредност од 550.000 € односно 410.000 € (ЕУ учество). Во однос на Јавен повик 01/ 2017 заклучно со 10.12.2019 година, одобрени се вкупно 819 барања (во однос на трите мерки вклучително и Мерката Техничка помош) во вредност од 9.9 милиони € (ЕУ учество). Од нив исплатени се 8.3 милиони €, меѓутоа исплатата ќе продолжи и овие

средства ќе бидат исплатени на сите корисници кои имаат добиено решение за исплата. Во однос на Мерка 1, пристигнати се 847 барања за исплата со вкупна барана вредност од 8.2 милиони €, одобрени за исплата се вкупно 779 барања со 5.7 милиони ЕУ учество. Што се однесува на Мерка 3, доставени се 30 барања за исплата со вкупна барана вредност од 6.1 милиони €. Одобрени се 27 барања со вкупна вредност од 4.1 милиони € ЕУ дел. Остануваат уште 3 барања за исплата кои се во фаза на обработка. Во однос на Мерка 7, доставени се 9 барања за исплата од кои 6 се веќе одобрени, со вкупна вредност од 52.000. Вредноста е помала во однос на другите мерки бидејќи се работи за инвестиции во пчеларство. Склучени се договори во вредност од 3.2 милиони (ЕУ учество).
Претставникот на АФПЗРР , Вангел Наневски ги презентираше резултатите од останатите јавни повици. За првиот Јавен повик за Мерка 3 до сега се склучени 37 договори (се очекува уште 3 да бидат склучени до крај на 2019 година). Досегашната финансиска поддршка изнесува 4.8 милиони €, а останатите 3, околу 3.000.000 €. Во однос на вториот Јавен повик од 2018 година, примени се 1099 апликации, 403 се одбиени, додека пак за 371 се склучени договори во вредност од 2.500.000 € (ЕУ учество). Прввиот Јавен повик за Мерка 7 во 2019 година, траеше 60 дена. Добиени се 261 апликации со вкупна побарана финансиска поддршка од 43.8 милиони €. Досега се донесени 18 решенија за одбивање поради некомплетност на апликациите. Исто така, од негова страна беше најавен Јавен повик за Мерка 3 кон крајот на 2019 година, а за Мерка 1, втора половина на месец јануари 2020 година. Присутните на состанокот беа информирани во однос на модификацијата на ИПАРД Програмата 2014- 2020, која предвидува обработка само на комплетни апликации.
Во однос на оваа потточка беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 4: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на напредокот на активностите на АФПЗРР во однос на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

**6.3. Потточка 6.3 од дневниот ред: „ Информација за функционирање на системот за следење и контрола на ИПАРД Програмата 2014-2020"**
**„Информација за статусот со доверување на задачите за спроведување на буџетот за мерката рурална јавна инфрастуктура"**
**„Информација за финансиското спроведување на ИПАРД и искорисување на каматата од ИПАРД еуро сметка"**

Претставничката на НАО, Александра Симјаноска го информираше Комитетот во однос на системот за управување и контрола на ИПАРД. Таа исто така предложи да се донесе заклучок, проекциите за објавување на огласи или исплати, да се доставуваат до НАО, Управувачката структура, по соодветната обработка и консултација на сите инволвирани страни, и истите да бидат со издржани и точни проекции.

За да се олесни точното утрдување на потребниот број на вработени, од кои што директно зависи брзината и квалитетот на обработка на самите апликации и на одобрувањето на барањата за исплата во подоцнежна фаза, беше предложен заклучок да АФПЗРР, НАО и

Управувачката структура во својата Анализа на обем на работа, да се осврнат само на секторите кои што се директно поврзани со обработка на апликациите и на барањата за исплата.
Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 исто така беше информиран во однос на спроведените Верификациски посети од страна на НАО, како и спроведените внатрешни ревизии во текот на 2019 година од страна на Секторот за Внатрешна Ревизија во рамките на секоја институција.
Во однос на оваа потточка, Комитетот за следење на ИПАРД го усвои следниов заклучок:

**Заклучок бр. 5:** Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на системот за следење и контрола на ИПАРД Програмата 2014-2020.

**7. Точка 7 од дневниот ред: „Дискусија за модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020"**
**7.1 Потточка 7.1 од дневниот ред: „Информација за одобрување на втората модификација на ИПАРД Програмата 2014- 2020"**
Претставникот на ТУ со ИПАРД, Александар Антески информираше во однос на втората модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020. Како причина за втората модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020 беа наведени продолжениот рок за акредитација на Мерката Рурална јавна инфраструктура и ризикот од губење на средства. За таа цел, средствата од оваа мерка се алоцираа во Мерка 7 и Мерка 3.
Во однос на оваа точка беше донесен следниов заклучок:

**Заклучок бр. 6: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше за втората модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020.**

**7.2 Потточка 7.2 од дневниот ред: „ Дискусија/одобрување на модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020 "**
**Потточка 7.1: „Дискусија во однос на третата модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020 и Листите на прифатливи трошоци "**
Претставникот на ТУ со ИПАРД, Александар Антески истакна дека во насока на успешно спроведување на ИПАРД Програмата 2014- 2020, во наредниот период е планирана и трета модификација на Програмата. Истата предвидува зголемување на вкупна прифатлива вредност на предложени проекти од 3.000 € на 10.000 € во денарска противвредност како и воведување на нови мерки во ИПАРД Програмата 2014- 2020:

- Агро еколошки мерки и органско производство;
- Мерка " Советодавни услуги во земјоделството";
- Спроведување на стратегии за локален економски развој – LEADER пристап.

Претставникот на ЕК, Зиго Рутковски посочи дека предлогот за трета модификација е прифатлив, меѓутоа истата ќе претставува подготовка за ИПАРД III Програмата, односно овие мерки нема да се спроведуваат во рамките на ИПАРД Програмата 2014-2020. Како предуслов

за акредитација и давање на правото за користење на новововедените мерки беше истакната и потребата на доекипирање на дополнителен број на обучени работници во АФПЗРР, кои би работеле на спроведување на новововедените мерки. Воедно, тој предложи ТУ да се консултира со ДЗР по однос на надминување на одредени неусогласености и разграничувања помеѓу мерка 1, мерка 3 и мерка 7 кои се однесуваат на критериумите кои дефинираат прифатливост на инвестициите согласно Анекс 1 на Договорт за ЕУ, сè со цел подобра разбирливост на програмскиот документ.
Во однос на оваа потточка беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 7: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на третата модификација на ИПАРД Програмата 2014-2020 и Листата на прифатливи трошоци.**

**7.3 Потточка 7.3 од дневниот ред: „Подготвителни активности за Агро- еколошки мерки"**
Претставникот на ТУ со ИПАРД, Александар Антески информираше во однос на подготвителните активности за Агро еколошките мерки. Во однос на веќе преземени активности тој истакна дека претходно со поддршка на проект финансиран од Европската унија ( EuropeAid/129386/C/SER/MK ) "Воспоставување и спроведување на Агро еколошки мерки", се подготвени нацрт документи (Агро екеолошка програма – нацрт, процедури за работа на АФПЗРР – нацрт документи, меморандуми за соработка – нацрт, предлог на законски измени на ЗЗРР, систем на санкции итн.) и сета неопходна документација потребна за акредитација на мерката. Но имајќи во предвид дека се работи за документи изработени пред повеќе години, непходно е нивно ажурирање согласно потребите од усогласување со законската регулатива и дефинираните национални стратешки потреби.
Во однос на планирани /идни активности, тој посочи дека планирана е студиска посета на Република Турција, во насока на стекнување на потребното искуство при програмирање, контрола, спроведување и финансиски менаџмент на агро еколошките мерки. Следствено оперативната структура за ИПАРД (ТУ со ИПАРД; АФПЗРР и НФ) би пристапила со ажурирање или целосно подготвување на сите неопходни акредитациски докумненти со цел воведување на мерката во ИПАРД Програмата како и нејзино успешно спроведување.
Во отсуство на забелешки, беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 8: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на подготвителните активности за Агро еколошките мерки.**

**8. Точка 8 од дневниот ред: „Активности за техничка помош"**
**Потточка 8.1: „Информација во однос на напредок на активности во однос на спроведување на АПТА 2019"**
Во однос на оваа потточка, претставникот на ТУ со ИПАРД, Кирил Ристоски информираше во однос на превземени и идни активности од АПТА-та за 2019 година. Во однос на втората измена

на АПТА-та за 2019 година, тој додаде дека по донесување на новиот образец на АПТА, беше направена првата измена на АПТА 2019 со цел нејзино дополнување. Но, целата постапка за имплементација на АПТА 2019 беше забавена, бидејќи дополнително од страна на ЕК беше побарано да се направи интервенција во новиот образец на АПТА, со цел вметнување на колона за дообјаснување на типот на набавката согласно ПРАГ правилата за набавки на ЕУ. Таа измена беше имплентирана во соработка со НАО, заедно со останатите модификации на програмата кои се реализираа во текот на октомври, 2019 година.

Во однос на оваа потточка беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 9: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше во однос на напредокот на активности во однос на спроведување на АПТА 2019".**

**8.2 Потточка 8.2: „Усвојување на АПТА за 2019 година (верзија 2)"**

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Кирил Ристоски ги презентираше измените на АПТА-та за 2019 година. По одобрување на упростениот изглед на индикативниот плански документ, Телото за управување достави барање за прво изменување на АПТА 2019. Изменувањето се наметна како потреба со цел да се одразат промените во формата и да се вметнат набавки за:

- Соодветен систем за проверка на поврзаност на компании надвор од државата, а кои се баратели на финансиски средства од ИПАРД фондови;
- Набавка на канцелариски материјали потребни за работа на Телото за управување;
- Набавка за превод на ИПАРД Програмата 2014-2020 и сите нејзини модификации
- Набавка за оддржување на Web страна на ИПАРД и продолжување на домеинот ipard.gov.mk

Во однос на оваа потточка беше усвоена следната одлука:

**Одлука бр. 3: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 ја разгледа и усвои АПТА-та за 2019 година (верзија 2).**

**8.3 Потточка 8.3 од дневниот ред: „Усвојување на АПТА за 2020 година"**

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Кирил Ристоски ги презентираше активностите предвидени во АПТА-та за 2020 година односно:

- Набавка за организирање на следните 6 состаноци на „Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020";
- Набавка за „Кампања за публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020";
- Набавка поврзана со посети и семинари со ИПАРД;
- Набавка за Проценка на ИПАРД Програмата 2014-2020 и набавка за Организација на управувачките групи за евалуација;
- Набавка за Подобрување и надградба на системот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020;
- Набавка за Работилница за подобрување на спроведување на мерката Техничка помош;

- Набавка за ангажирање на експерти за Подготвителни активности за програмирање на ИПАРД III - ревизија на постојните мерки и ЛЕЕ во Програмата ИПАРД II и поддршка за програмирање на нови мерки во Програмата ИПАРД III.

Во однос на оваа потточка беше усвоена следната одлука:

**Одлука бр.4: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 ја разгледа и усвои АПТА-та за 2020 година.**

**8.4 Потточка 8.4 од дневниот ред: „Напредок на активности за комуникација и публицитет за ИПАРД Програмата 2014-2020"**

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Сашка Јовановска–Вукелиќ, информираше во однос на активностите во рамките на Кампањата за публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020, предвидени во Годишниот акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2019 година. Таа детално ги презентираше реализираните активности како и идните планирани активности во однос на комуникација и публицитет за 2019 година.

Претставниците на ЕК, истакнаа дека се задоволни од преземените активности во однос на спроведувањето на публицитетот истакнувајќи дека ова е уште една област со извонредни резултати. На прашањето на претставникот на ЕК, Лиам Бреслин дали на веб страната на ИПАРД се прикажани успешните ИПАРД проекти, претставниците на ТУ со ИПАРД, Александар Антески и Живко Брајковски одговорија дека успешните ИПАРД проекти беа презентирани на самите инфо денови. Истите, секако ќе бидат објавени и на веб страницата на ИПАРД.

Во врска со оваа потточка беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 10: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше за напредокот на активностите за комуникација и публицитет за ИПАРД Програмата 2014-2020.**

**8.5 Точка 8.5 од дневниот ред: „Усвојување на Акциски план за Комуникација и Публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2020 година"**

Претставничката на ТУсо ИПАРД, Сашка Јовановска–Вукелиќ ги презентираше активностите предвидени во Акциски план за Комуникација и Публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2020 година. Акцискиот план за Комуникација и Публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2020 година предвидува:

- Организација на ИПАРД инфо едукативни денови со промовирање на успешни примери;
- ИПАРД форуми за поуспешно спроведувањето на ИПАРД 2014 – 2020;
- ИПАРД работилници за изготвување на ИПАРД барања;
- Појавувања/ прилози во пишани и електоронски медиуми;
- Објавување на листата на крајни корисници на средства од ИПАРД Програмата;
- Изработка и дистрибуција на Барања за користење на средства и Упатства посветени на ИПАРД Програмата 2014–2020;

- Изработка и дистрибуција на брошури посветени на промоција на ИПАРД Програмата 2014–2020;
- Изработка на постери посветени на промоција на ИПАРД Програмата 2014–2020;
- Изработка и објава на аудио и видео спотови;
- Ажурирање на веб страница www.ipard.gov.mk

Во врска со оваа потточка беше усвоена следната одлука:

**Одлука бр. 5: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 го разгледа и усвои Акцискиот план за Комуникација и Публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2020 година.**

## 9. Точка 9 од дневниот ред: „Информација/дискусија за резултатите од евалуација на ИПАРД Програмата"

### 9.1 Потточка 9.1 од дневниот ред: „Информација за екс-пост евалуација на ИПАРД Програмата 2007-2013"

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Александар Антески ги презентираше преземените активности во однос на екс-пост евалуацијата на ИПАРД Програмата 2007-2013. Целта на екс-пост евалуацијата на ИПАРД Програмата 2007-2013 е проценка на:

- Степен на искористеност на ресурсите;
- Ефикасност и ефективност;
- Социо економско влијание и
- Влијание врз дефинираните приоритети.

Во однос на екс-пост евалуацијата на ИПАРД 2007-2013, активностите се во тек и се во завршна фаза. Договорот со независниот евалуатор беше склучен преку Мерката Техничка помош, и истиот има обврска да достави до ТУ прв нацрт на Конечниот извештај за екс-пост-евалуација. И покрај тоа што активностите од договорот и евалуацијата на ИПАРД Програмата 2007-2013, одат во добра насока, ТУ ќе побара проширување на услугите на ЕК (ГД АГРИ) со цел да се добие квалитетен извештај кој особено ќе помогне во следниот програмски период до крајот на април 2020 година.

Во врска со оваа потточка беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 11: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше за екс-пост евалуацијата на ИПАРД Програмата 2007-2013.**

### 9.2 Потточка 9.2 од дневниот ред: „Информација за тековна евалуација на ИПАРД Програмата 2014-2020"

Претставникот на ТУ со ИПАРД, Александар Антески, информираше во однос на тековната евалуација на ИПАРД Програмата 2014-2020. Како пречки за реализација на евалуациските активности беа наведени следните:

- Недостаток на човечки капацитети по однос на евалуациските активности;
- Задоцнето доставување на податоци од страна на Агенцијата;
- Мануелна обработка на податоците во Агенцијата;
- Некозистентни податоци по однос на спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020.

Раководителот на ТУ со ИПАРД, Живко Брајковски изрази благодарност до Делегацијата на Европска Унија во Република Северна Македонија и соработката со АФПЗРР за изработка на идниот софтвер каде што ТУ со ИПАРД се планира да има пристап до податоците "само читање" по однос на реализација на мерките од ИПАРД Програмата 2014-2020 кои се генерираат во Агенцијата и кои се користат за потребите на мониторинг евалуација на ИПАРД Програмата 2014- 2020. Тој воедно истакна и дека добар дел од воочените слабости во делот на мониторинг и евалуација на ИПАРД Програмата 2014-2020 ќе се надминат со помошта на овој софтвер.
Во однос на оваа потточка беше донесен следниот заклучок:

**Заклучок бр. 12: Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираше за тековната евалуација на ИПАРД Програмата 2014- 2020.**

**10. Точка 11 од Дневниот ред: „Разно"**

Претставникот на ЕК, Лиам Бреслин предложи за наредниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020, во дневниот ред да биде додадена точка која што ќе се однесува на ИПАРД Програмата 2021-2027. Предлогот беше прифатен од страна на Раководителот на ТУ со ИПАРД, Живко Брајковски, истакнувајќи дека токму тоа е и целта на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата, да даде позитивни насоки на ТУ со ИПАРД, АФПЗРР и сите структури во ИПАРД во однос на подобрување и успешно спроведување на ИПАРД Програмата.

**11. Точка 12 од дневниот ред: „Предлог дневен ред за следниот седми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020 и усогласување на датумот за негово одржување"**

Во врска со точка 11 од дневниот ред, претседавачот информираше за предлог дневниот ред за следниот состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020. Во однос на наредниот состанок тој предложи датумот на одржување за наредниот седми состанок на Комитетот да биде договорен во согласност со можностите на претставниците на Европската Комисија.
Претседавачот го затвори состанокот и го прогласи за успешен.

| ОД СТРАНА НА КОМИТЕТОТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИПАРД: | ОД СТРАНА НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ: |
|---|---|
| **Nefrus Çeliku** | **Живко Брајковски** |
| Титула: Претседавач | Раководител на Сектор за управување со ИПАРД |
| Потпис: | Потпис: |
| Датум: | Датум: 27.11.2020 |

Прилог 1: Листа на присутни членови (или нивни заменици) на состанокот на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020

| Бр. | Име на членот | Институција | Присутен | Присутен (заменик член) | Заменик | Последователни отсуства |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Нефрус Челику | МЗШВ | √ | | | |
| Државни институции | | | | | | |
| 2. | Неда Груевска | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 3. | Никица Бачовски | МЗШВ | | √ | Михаела Михајловска | 0 |
| 4. | Маја Лазареска Јовеска | МЗШВ | √ | | | 0 |
| 5. | Андријана Велевска | МЗШВ | | √ | Гоце Георгиевски | 0 |
| 6. | Евгенија Серафимовска Кирковски | СЕП | / | / | / | 1 |
| 7. | Марина Арсовска | Министерство за економија | / | / | / | 1 |
| 8. | Вулнет Арифи | МЛС | √ | | | 0 |
| 9. | Авзи Демири | МК | | √ | Рефет Амети | 0 |
| 10. | Назмије Идризи | МЖСПП | √ | | | 0 |
| 11. | Марјан Копевски | Министерство за транспорт и врски | √ | | | 0 |
| 12. | Душан Томшиќ | Министерство за труд и социјална политика | | | | 2 |
| 13. | Сашко Арсов | АХВ | √ | | | 0 |
| Агенции | | | | | | |
| 14. | Елгафар Јусуфи | АПРЗ | √ | | | 0 |
| 15. | Љиљана Вуковиќ | Агенција за поддршка на претприемништво то | √ | | | 0 |
| Економски и социјални партнери | | | | | | |
| 16. | Игор Тасевски | Стопанска комора на Македонија | √ | | | 0 |
| 17. | Огнен Оровчанец | Агробизнис комора при Сојуз на стопански | √ | | | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | комори на Македонија | | | | |
| 18. | Сашо Ристески | Македонска асоцијација на преработувачи | √ | | | 0 |
| 19. | Асен Дуковски | Сојуз на земјоделци на Македонија | / | / | / | 1 |
| 20. | Зоран Зимбаков | Заедница на единиците на локалната самоуправа | √ | | | 0 |
| 21. | Проф. д-р Ана Котевска | Факултет за земјоделски науки и храна | / | / | / | 2 |
| 22. | Агрон Фазлији | Занаетчиска комора на Република Северна Македонија | | √ | Валентина Смиљанов | 0 |
| 23. | Даниела Димовска | Факултет за земјоделски науки и храна - УГД Штип | √ | | | 0 |
| 24. | Марина Тошевска | Агро-Лидер | / | / | / | 1 |
| 25. | Петар Ѓоргиевски | Рурална мрежа на Р.М. | √ | | | 0 |
| 26. | Владимир Петков | Факултет за ветеринарна медицина | √ | | | 0 |
| 27. | Сашо Крцоски | Мрежа на млади фармери | √ | | | 0 |
| 28. | Владо Бабачовски | Синдикално здружување на земјоделски производители „СПАС“ | / | / | / | 1 |
| 29. | Гордана Лозановска Стефановска | ЛАГ Пелагонија | / | / | / | 2 |
| 30. | Наталија Меловска | Македонско еколошко друштво | | √ | Фросина Пандурска Драмиќанин | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 31. | Лилјана Јоноски | Рурална коалиција | / | / | / | 1 |
| 32. | Ефтим Шаклев | Асоцијација на земјоделци | √ | | | 0 |
| 33. | Јани Ќука | Вина од МАкедонија | √ | | | 0 |
| | ВКУПНО: | | 19 | 5 | | |

**<u>Прилог 2: Листа на набљудувачи</u>**

**Претставници на владини институции:**

Стефани Арсовска - Кабинет на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија;
Наташа Вртеска- ЗЕЛС.
Жељка Гудељ - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

**Претставници од Државен завод за ревизија:**

Зоран Ристовски - Државен завод за ревизија;
Весна Младеновска - Државен завод за ревизија;

**Претставници на економски и социјални партнери:**

Владимир Христов - Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој;
Вангел Наневски - Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој;
Панче Арсов - Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој;
Светлана Ристевска - Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој;
Ќамил Сулејмани- Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој;
Игор Стојменоски- Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој;
Марија Алексиќ- Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој;
Иван Деспотовски- Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој;
Верица Павлоска- Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој;
Љуљзим Фејзулаи - ЈП за стопанисување со пасишта;
Катерина Хаџи Наумова-Михајловска - Економски институт, УКИМ – Скопје;
Елизабета Ангелеска – Здружение на земјоделски училишта